**Известување за концентрација со која СТЕНТОН ГРАДБА ДОО Битола, ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје, ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје и физичкото лице Зоран Кондратенко од Скопје ќе стекнат контрола над ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ Скопје**
**(предмет бр. 08-183/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 17.12.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, со едиште на 1 с.Долно Оризари Битола, Друштво за управување со недвижен имот ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје, со седиште на Димитрие Чуповски бр.4-1/14 Скопје, Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје со седиште на бул. Србија бр.2 Скопје и физичкото лице Зоран Кондратенко од Скопје ќе стекнат заедничка контрола над Друштво за производство, инжинеринг, трговија и консалтинг ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ со седиште на Булевар Србија бр.9 Скопје.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, Битола е со дејност на изградба на станбени и нестанбени згради.

Друштво за управување со недвижен имот ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје е со дејност управување со недвижен имот.

Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје Скопје е со дејност инженерство и со него поврзано техничко советување.

Друштво за производство, инжинеринг, трговија и консалтинг ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ Скопје е со дејност инженерство и со него поврзано техничко советување.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

30.12.2025 година
Скопје